# ИЗВЕШТАЈ

по Програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2022 година

## 1. Опис на постигнувања

| Вид на активност | Обем на активноста |
|---|---|
| I. Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Македонија во странство | Од вкупно 8 специјализации во странство, 6 се завршени.<br>Продолжување на 2 специјализации во странство - една во Р. Хрватска и една во Р. Словенија. |
| II. Ангажирање на стручни медицински лица од странство | 1.Ангажирање на еден доктор спец. неврофизиолог од Р.Србија и двајца доктори специјалисти по ортопедија и трауматологија од Р.Турција за едукација на лекари од ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје. Извршени се 25 оперативни интервенции главно за корекција на адолесцентна идиопатска сколиоза.<br>2.Ангажирање на странски доктор од Р.Србија од областа на офталмологија и едукација на лекари од ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести;<br>3.Ангажирање на еден доктор од Р.Турција за едукација на вработени во ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје од областа на торакална хирургија. Извршени се вкупно 38 интервенции.<br>4.Ангажирање на еден странски доктор од областа на офталмологија и оториноларингологија за едукација на вработени во ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември - Скопје |
| III. Едукации во установата Медицински Симулациски Центар Скопје | Спроведени се обуки на вкупно 955 лица во установата Медицински симулациски центар и тоа:<br>- 236 специјализанти и супспецијализанти го поминале модулот за основно одржување во животот (BLS),<br>- 238 специјализанти и супспецијализанти го поминале модулот за напредно одржување во животот (ALS),<br>-12 специјализанти и супспецијализанти го поминале модулот за напредно одржување во животот при траума (ATLS),<br>-8 лица го поминале модулот за педијатриско одржување во животот,<br>-236 лица кои работат во службите за ИМП го поминале модулот за основно одржување во животот,<br>-201 лица кои работат во службите за ИМП го поминале модулот за |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | |
|---|---|
| | напредно одржување во животот,<br>-12 тима на ИМП и Ургентен центар поминале модул за TLS,<br>-12 тима за ИМП и Ургентен центар за обука на медицинска опрема во санитетско возило. |
| IV. Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени | Од вкупно 111 кофинансирани специјализации, завршени се 29.<br><br>Продолжување на кофинансирање на 82 специјализации. |
| V. Обука на овластени лица за преглед на умрени лица | Спроведена е обука на 17 лица во период од страна на Институт за судска медицина и криминалистика, Институт за патолошка анатомија и Институт за епидемиологија и биостатистика. |

**2. Буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерство за здравство и буџетот на самофинансирачки активности**

Вкупно реализирани средства за 2022 година се 22.244.078,00 денари, од кои:
- 12.262.899,00 денари од самофинансирачки буџет на МЗ;
- 9.981.179,00 денари од Буџет на РСМ.

Подготвил:Роберт Величковски
Проверил:прим.д-р Сузана Маневска


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk